ANIMA MUNDI
Association for the protection of animals
Здружение за заштита на животни

# РЕГИСТАР НА ЖИВОТНИ

Почитувани активисти, волонтери и хумани луѓе кои вдомувате животни. Ве известуваме дека единствен начин за да го регулирате вдомувањето е со пополнување на електронски формулар за вдомување кој можете да го најдете на системот за електронско либерирање и евидентирање на животни „Регистар на животни". Пополнувањето се врши според упатството за користење и правилникот за употреба на регистарот. Сите внесени податоци подлежат на политиката за заштита на личните податоци. Воедно ве известуваме дека ова е единствен регуларен начин на вдомување на животно преку Здружението за заштита на животни Анима Мунди.

Регистарот на животните е креиран од активист за заштита на правата на животните, а воедно и наш активист.

Главна цел на овој систем е електронска евиденција и либерирање на животните. Регистарот моментално врши електронски евиденции на бројот на вдомени животни, либерирање на нерегистрираните животни во Р.Македонија и евидентирање на исчезнатите-пронајдени и вратени кај сопственикот животни како и некои други останати функции кои се од големо значење за безбеден и среќен живот на вдомените и пронајдени животни.

Регистарот нуди 24-часовна можност за внесување на податоци во системот, контакт и поднесување на барања. Регистарот функционира на целата територија на Р.Македонија

Сите податоци внесени преку електронските формулари се строго доверливи и во ниту еден случај не се нарушува приватноста на корисникот или на лицето чии податоци се внесени, тие подлежат на политиката за заштита на личните податоци и правилникот за употреба.

Со помош на овој регистар здруженијата и друштвата за заштита на животните ќе може да имаат увид во бројот на вдомени животни, адресата на живеење на животните итн. Со што би се спречиле можните злоупотреби при вдомување и при пријавување како потенцијални сопственици на исчезнати животи.

Од регистарот секое здружение може да извади извештај за активноста на своето здружение/друштво, и истите да ги користи за статистички обработки.

Освен наведените можности регистарот има за цел создавање на една единствена база на податоци на вдомени животни како и создавање на база со податоци која ќе ги либерира сите нерегистрирани животни со што ќе се знае точната бројка на вдомени животни во Р.Македонија и приближниот број на нерегистрирани животни.

Главната цел на овој проект е обединување на сите здруженија и друштва за заштита на животните и масовна употреба на електронскиот регистар.

Регистарот е креиран од активист на здружението за заштита на животни
“**Анима Мунди**”

а подржан и соработува со:

друштвото за заштита на животни “**Срна**”-Скопје

Здружение за заштита на животните „**Гласот на животните**“-Велес

Здружение за заштита на живо. и жив.средина „**Мали Херои**“-Битола

Здружение за заштита на животните „**Анималиа**“-Охрид Здружение за заштита на животните „ **Animal world** “-Струга

Здружение за заштита на животните „**Втора шанса**“-Кочани

contact@anima-mundi.org.mk

Скопје

© 2012-2015 година